НАСЛОВНА
МАКЕДОНИЈА
НА ПРВО МЕСТО
ДНЕВНИК
АНАЛИЗА
ЕКОНОМИЈА
ХРОНИКА
КОМЕНТАРИ
КОМЕНТАР
ПИСМА
МИСЛЕЊА
СВЕТ
КУЛТУРА
СПОРТ
СКОПЈЕ
ОГЛАСИ
МАЛИ ОГЛАСИ
НЕКРОЛОГ
ВРЕМЕ
ХОРОСКОП
ШТО ПРАВАТ ДЕНЕСКА
МАГАЗИН+

Архива
Најнов Број
Контакт
Импресум
Маркетинг
Претплата
Archive
Latest Edition
Contact
Editorial
Advertise
Subscription

Печатено Издание

пребарај

PLUS GRATIS Makedonija STAR VESNIK POP FOLK MUZIKA PLUS GRATIS

КУЛТУРА

### Галеријата "Прес ту егзит" со предизвици за уметниците и публиката

# Нови продукции во строгиот центар на градот

**Со инсталацијата на ОПАиХА нарачана од Дејан Спасовиќ галеријата се претвора во кафеана "Визан" која Ќе се отвори на 14 февруари во 11 часот**


Билјана Тануровска, Јане Чаловски и Христина Ивановска

Во галеријата "Пресс то еџиттт" во центарот на Скопје е во тек изложбата на групата ОПА&ХА, инсталација која го привлекува вниманието на намерните или случајните минувачи. На предниот нејзин дел, на надворешната, влезна страна од галерија, како дел од инсталацијата е и цртежот од анонимен уметник, познат по ликовните траги што ги остава зад себе, во овој случај своевиден подарок за галеријата која се претвора во кафеански простор наречен "Визаннн". Дејан Спасовиќ, кој се јавува како нарачател на изведбата ќе го заживее просторот со серија на перформанси и кулинарско мени во чие создавање ќе учествуваат повеќе гости. Кафеаната ќе почне со работа во понеделник, 14-ти февруари во 11 часот предпладне. ОПА&ХА со изведбата на специфичната и впечатлива инсталација - "Кафе Лоунгеен -трансформација на галеријата во кафеански простор, симулира фирма со име "ОПА&ХА Професионал Сите Специфиц Инсталлерссс", која изработува сајт специфик инсталации. Во овој случај претставниците на "Пресс то еџит пројецт спацеее" се инвеститори, а ликовниот уметник Дејан Спасовиќ се јавува како како нарачател. Професионалниот тим на ОПА&ХА (Слободанка Стевческа, Денис Сарагиновски и Сашо Талевски) со овој проект функционира комплетно според економските и пазарните законитости, поседува свој асортиман на решенија со соодветна цена, како и можност за нарачка согласно специфичните услови на одредена локација, однапред одредена од страна на нарачателот и го третира навлегувањето на неуметничките влијанија во уметноста - особено позачестената комерцијализација, не само на уметничкото дело, туку и на процесот на негово создавање. Изложба на Драган Спасојевиќ која, ќе се надоврзе на претходната и според најавите треба да понуди нови доживувања за публиката. Двете изложби се дел од новата галериска продукција зад која стојат Христина Ивановска, Јане Чаловски и Билјана Тануровска

Новата галериска програма што е осмислена минатата година а стартува во оваа, според Ивановска доаѓа по стекнатото двегодишно искуство за интересот на уметниците и публиката. Програмата е финансирана од Швајцарската агенција за соработка и развој. Ивановска напоменува дека тие продолжуваат да бараат и други партнери заинтересирани за соработка во Швајцарската програма за култура.

>"Првите две години ни покажаа каде треба да се движиме и каков профил на луѓе со кои претходно работевме да вклучиме во создавањето на нова галериска програма која треба да понуди соодветна провокација на ликовната сцена во Македонија. Во првите две години на галериската програма работевме јас и мојот колега Оливер Мусовиќ, а од јуни минатата година во оформувањето на галериската програма се вклучија Чаловски и Тануровска, со цел да направиме програма која нема да содржи само изложби туку и други концепции разновидни програми, поделени во три делааа" - вели Ивановска. Изложбите на ОПА&ХА и Дејан Спасоевиќ ја сочинуваат едната од трите програми под наслов "нови продукцииии" чија цел е да се поджат независни продукции на уметници од Македонија. Досега е планирано реализирање на четири продукции до крајот на годината, а преостанатите две планирани се продукциите на ликовните уметници Лилјана Ѓузелова и на Александар Станковски. Лилјана Ѓузелова која веќе осум години соработува со кураторката Сузана Милевска, досега реализирала три од планираните четири дела од својот проект, а четвртиот дел ќе биде реализиран во септември, овде во галеријата . Александар Станковски треба да се претстави пролетва на изложба што се најавува како сублимат на неговата работа во повеќе медиуми.

>"Во текот на март во Скопје прв со изложба а потоа и лично, ќе се претсави полскиот куратор Себастијан Цихочки кој е еден од четворицата куратори кои се дел од вториот сегмент на новата галериска програма. Другите куратори: Баша Ксенова од Турција и - Наташа Петресин од Словенија ќе дојдат во јуни, а се уште не е утврден четвртиот, кој треба да доаѓа од регионот, со оглед на интересот на Швајцарската програма за култура за реализирање на регионални проекти. Спонтано дојдовме до идејата да поканиме куратори од другите земји, да дојдат и престојуваат овде за да ги испровоцираат нашите уметници и куратори со својата работа и да воспостават одредена соработка со нив. Тие ќе престојуваат две недели во Скопје, со себе ќе донесат своја концепциска рамка за изложба, која понатаму ќе ја надградуваат, преку истражување на нашата ликовна, музичка, филмска сцена и преку соработка со различни уметници. Планираме на крајот да отпечатиме и една публикација во која ќе бидат содржани материјали од реализираните изложби.

Планираме во овој сегемент и понатаму да соработуваме со куратори и уметници од земјите во регионот меѓу кои и од Србија, Бугарија, Романија, Косово и други галеријата ќе ја претвориме во еден отворен простор за урбани случувања кој ќе се избори за свое местооо" - потенцира Јане Чаловски .

Третиот сегмент од новата галериска програма ја сочинуваат соодветни предавања и презентации за одредени современи уметнички појави и тенденциии кај нас и во светот. Првата од нив веќе беше одржана во текот на јануари кога пред исклучително голем број на публика презентација на својата архитектонско ликовна работа одржаа Маријетица Потрч и Кјонг Парк. Сеуште не е готова листата на предавањата и презентациите за оваа година, а Билјана Тануровска напоменува дека истата е отворена за предлози од македонските уметници и куратори заинтересирани за овој вид претставување.

>" Во регионот каде спаѓа и Македонија многу се работи на реализација на нови иницијативи во современата уметност и визуелното презентирање. Сметаме дека со отворената можност за презентација и внесување на нови идеи од страна ќе го потикнеме уште повеќе интересот ина уметниците и на публикатааи. - потенцира Тануровска.

Комерцијална банка а.д. скопје www.kb.com.mk
bestnet
Living Heritage Macedonia www.zivonasledstvo.org.mk
ИМАТЕ ГЛАВОБОЛКИ? ТАХИКАРДИЈА?
АЛКАЛОИД а.д.
Southeast Eu Shqip Български Hr
граѓански СВЕТ граѓанското општество
MAX adsl
МОЈОТ КРУГ МОБИМАК
КЛИКНЕТЕ ОВДЕ
абер www.aber.net.mk
Креирано со nextsense WebBuilder
nextsense HOSTING SOLUTIONS hosting partner On! Кога ти треба ИНТЕРНЕТ
SITE METER 765,148

© 2001 Утрински Весник, сите права задржани